Врз основа на член 8 став (1) точка 1) и член 15 од Законот за ревизија ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седницата одржана на 27.12.2018 година донесе

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН**
**на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2019 година**

Висината и структурата на приходите и расходите во Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2019 година се следните:

Раздел: 02010 Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

| (во денари) | Основен буџет (Сметка 637) | | Самофинансирачки активности (Сметка 787) | | Вкупни приходи/расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 година | 2019 година | 2018 година | 2019 година | 2018 година | 2019 година |
| **ПРИХОДИ** | **0,00** | **0,00** | **3.000.000,00** | **1.700.000,00** | **3.000.000,00** | **1.700.000,00** |
| 724 Други владини услуги | - | - | 1.800.000,00 | 1.700.000,00 | 1.800.000,00 | 1.700.000,00 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | **0,00** | **0,00** | 1.200.000,00 | - | 1.200.000,00 | 0,00 |
| **РАСХОДИ** | **4.416.000,00** | **6.656.000,00** | **3.000.000,00** | **1.700.000,00** | **7.416.000,00** | **8.356.000,00** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **4.200.000,00** | **4.556.000,00** | **-** | **-** | **4.200.000,00** | **4.556.000,00** |
| 401 Основни плати | 3.066.000,00 | 3.326.000,00 | - | - | 3.066.000,00 | 3.326.000,00 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 1.134.000,00 | 1.230.000,00 | - | - | 1.134.000,00 | 1.230.000,00 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **216.000,00** | **2.100.000,00** | **2.920.000,00** | **1.580.000,00** | **3.136.000,00** | **3.680.000,00** |
| 420 Патни и дневни расходи | - | - | 400.000,00 | 300.000,00 | 400.000,00 | 300.000,00 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | - | 500.000,00 | 850.000,00 | 500.000,00 | 850.000,00 | 1.000.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 50.000,00 | - | 200.000,00 | 150.000,00 | 250.000,00 | 150.000,00 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 26.000,00 | - | 100.000,00 | 85.000,00 | 126.000,00 | 85.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 90.000,00 | 1.000.000,00 | 1.100.000,00 | 345.000,00 | 1.190.000,00 | 1.345.000,00 |
| 426 Други оперативни расходи | 50.000,00 | 600.000,00 | 270.000,00 | 200.000,00 | 320.000,00 | 800.000,00 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | - | - | **80.000,00** | **120.000,00** | **80.000,00** | **120.000,00** |
| 480 Купување на опрема и машини | - | - | 50.000,00 | 100.000,00 | 50.000,00 | 100.000,00 |
| 483 Купување на мебел | - | - | 30.000,00 | 20.000,00 | 30.000,00 | 20.000,00 |

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## 1. Приходи

Вкупните проектирани приходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на сметката 787 за 2019 година изнесуваат 1.700.000,00 денари. Истите се однесуваат на приходи од 15% од вкупно остварените приходи на Институтот на овластени ревизори на Р. Македонија во претходната година и приходи по основ на уплати за лиценци за овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

Исто така, активностите на Советот ќе бидат финансирани и со средства од Основниот буџет во износ од 6.656.000,00 денари.

## 2. Расходи

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на буџетската сметка 637 и на сметката на самофинансирачки активности 787 за 2019 година изнесуваат 8.356.000,00 денари.

***Плати и надоместоци*** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 4.556.000,00 денари односно 54,52% од вкупниот буџет. Истите се однесуваат за исплата на плати на вработените во стручната служба, како и Претседателот на Советот.

***Стоки и услуги*** – Расходите за стоки и услуги се проектирани на 3.680.000,00 денари и нивното учество во буџетот на Советот за 2019 година изнесува 44,04%. Во рамките на оваа група е планирано следново:

- ставка 420, во вкупен износ од 300.000,00 денари, наменети за исплата на хотелско сместување во земјата и странство, патни расходи во земјата и странство, дневници во странство, споредни расходи за патување во земјата и странство за вработените и членовите на Советот;
- ставка 421, во вкупен износ од 1.000.000,00 денари, наменети за исплата на комунални услуги - електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, одржување и кондиционирање (ладење и греење); комуникациски услуги – пошта, телефон и телефакс, интернет и обнова на домен; транспортни услуги за службени потреби и патни трошоци за Претседателот на Советот; и други непредвидени расходи;
- ставка 423, во вкупен износ од 150.000,00 денари, наменети за исплата на канцелариски материјали, списанија и весници, тонери, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и други материјали;

- ставка 424, во вкупен износ од 85.000,00 денари, наменети за исплата на услуги за поправки и тековно одржување на хардверот и софтверот, опремата, мебелот, канцелариските простории на Советот и други непредвидени расходи;
- ставка 425, во вкупен износ од 1.345.000,00 денари, наменети за исплата на месечен надоместок за 6 надворешни членови на Советот, услуги за изнајмување на простор и опрема, банкарски услуги, исплата на склучени договри за извршени услуги, печатење на издадени лиценци и други непредвидени расходи; и
- ставка 426, во вкупен износ од 800.000,00 денари, наменети за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулаторни тела (IFIAR), исплата на учество на семинари, котизации за обуки и усовршување на вработените, репрезентација и други непредвидени расходи.

***Капитални расходи*** – Капиталните расходи се проектирани на 120.000,00 денари и нивното учество во буџетот на Советот за 2019 година изнесува 1,44%. Средствата се наменети за набавка на канцелариска опрема и мебел. Овие расходи ќе се финансираат од сметката на Самофинансирачки активности 787.

Финансискиот план ќе се реализира по добивање на согласност од Владата на Република Македонија. Доколку проектираните приходи на сметката за самофинансирачки активности не се остваруваат според планираната динамика во 2019 година, Советот ќе ги ревидира и проекциите на расходите.

| | |
|---|---|
| Број 01-388/8<br>28.12.2018 година<br>Скопје | Претседател на Советот,<br>Премтим Исени |